


СОКОМ

Република Северна Македонија
Министерство за култура

## КАМЕРНО - СОЛИСТИЧКИ КОНЦЕРТ

## НАДЕЖ

Сабота, 30 април 2022
20.00 часот
Музеј на македонската борба

**ПРОГРАМА:**

Илија Пејовски
**ONCE**
Ивона Базгаловска - пијано

Маријана Јаневска
**ОСЦИЛАЦИИ** (2012)
Памела Велкова - виолина

Тодор Бојаџиев
**МЕЛАНХОЛИЈА**
Памела Велкова - виолина
Маја Михајловска - виолончело
Елена Атанасовска Ивановска - пијано
**НАДЕЖ**
Ана Спасовска- виолина
Памела Велкова - виолина
Маја Михајловска - виолончело
Елена Атанасовска Ивановска - пијано

Стојан Стојков
**ТРИО** (2012)
Ана Спасовска- виолина
Маја Михајловска - виолончело
Елена Атанасовска Ивановска - пијано

Дамјан Темков
**ТРИО 25.713** (2008)
Ана Спасовска- виолина
Маја Михајловска- виолончело
Ивона Базгаловска – пијано

Филип Иванов
**ВАРИЈАЦИИ за пијано квинтет** (2016)
Ана Спасовска - виолина
Памела Велкова-виолина
Леона Кондратенко-виола
Маја Михајловска-виолончело
Ивона Базгаловска-пијано

„**АНА СПАСОВСКА** е една од моите најдобри студенти, роден диригент." – Урош Лајовиц. Ана Спасовска нижото и средно музичко образование ги завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј" во Скопје (класа на проф. А.Младенова). Студиите ги продолжува на ФМУ во Скопје (класа на проф. О.Кондратенко). Во текот на школувањето се стекнува со бројни награди на државните натпревари по виолина во соло категорија и категорија камерна музика. Како солист учествувала на голем број, концерти, музички манифестации и фестивали („Охридско лето", „Скопско лето", „Виолин фест", „ДММ", а како дел од оркестарот на ФМУ настапува на фестивалот „ФИМУ" во Белфор, Франција. Во 2015 година е членка на „Младинскиот супер оркестар" со кој реализира концерти во Љубљана и Белград. Од 2016 година редовно настапува со камерните оркестри на МММ и „Солисти на ФМУ". Од 2018 година е дел од оркестарот за филмска музика F.A.M.E.S. Во 2018 година Ана ги започнува студиите по оркестарско диригирање на ФМУ во Скопје (класа на проф. Б.Цанев).

**ПАМЕЛА ВЕЛКОВА** своето музичко образование го стекнува во ДМУЦ „Сергеј Михајлов" во Штип (класа на проф. Б.Трајкова), а го продолжува на ФМУ во Скопје (класа на проф. О.Кондратенко). Настапувала на бројни државни и меѓународни натпревари, на кои се закитува со бројни награди и признанија. Настапувала на повеќе концерти и манифестациии, меѓу кои се издвојуваат солистичките настапи со симфонискиот оркестар на Филхармонија во 2018 и 2021 година, како и концертите реализирани во рамките на манифестациите „Виолин фест", „Охридско лето", „Скопско лето" и „ДММ". Како дел од триото „Divine" настапила во Ларач, Мароко. Памела е членка на камерните оркестари наМММ, „Солисти на ФМУ" и „Профундис".

**ЛЕОНА КОНДРАТЕНКО** потекнува од признаена музичка фамилија. Виолина започнува во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј" (класа на проф. А.Кондратенко), а подоцна работи и со проф. Р.Димитриев. Средното образование во ДМБУЦ го продолжува во класата по виола, работејќи со проф. Ф.Спиркоска и проф. Ј.Бицевски. Леона е редовна членка на младинските оркестри и камерни состави во државата.

**МАЈА МИХАЈЛОВСКА** средното образование го завршува во ДМУБЦ „Илија Николовски – Луј" (класа на проф. П.Краповски), а дипломира CUM LAUDE на ФМУ во Скопје (класа на проф. Ж.Фирфов). Во 2012 година ја добива наградата „Франк Манинг". Во 2015 година ги запишува магистерските студии на ФМУ во Скопје, под менторство на познатиот чешки виолончелист М.Канка. Периодот 2025/06 година е дел од Yunge Orchester Akademie – YSO со кој реализира турнеи во Швајцаријаи на Балканот. Во 2006/07 и 2008/09 настапува со европскиот оркестар CEIYO на концертни турнеи во Италија, Австрија, Словенија и Романија. Во 2016 година членува во скандинавскиот оркестар Orkester Norden со којшто концертира во Данска, Шведка и Финска. Настапувала како солист со Филхармонија, оркестарот на ДМБУЦ и АРКО. Добитничка е на бројни награди и признанија. Редовно настапува со својата сестра-близначка Марија како дел од дуетот виолончела „Twins Cello".Во 2012г. настапи како гостин на концертот на виолончелистот Енрико Диндо. Од 2015г. е член на оркестарот на Филхармонија и на филмскиот оркестар F.A.M.E.S. Маја Михајловска е дел од кросовер квартетот „Дестини" со кој од 2019 година настапува низ Европа.

**ИВОНА БАЗГАЛОСКА** по завршувањето на средното музичко училиште во ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј" во Скопје (класа на проф. Н.Костова Јаневска) и под менторство на професорите Романови, продолжува на ФМУ во Скопје (класа на проф. Н.Костова Јаневска). Редовен учесник е на концерти, меѓународни и државни натпревари и семинари по пијано, а добитничка е на голем број награди и признанија, меѓу кои и седум специјални први награди. Music Prospect во Москва, Grand Piano in Palace во Санкт Петербург, Euterpe во Корато, Golden Classical Music во Њујорк, Grand Prize Virtouso во Лондон - и др. Редовно настапува солистички во државата, а меѓу позабележителните нејзини настапи се вбројува концертот во црквата „Св. Софија" во Охрид во 2018 година, и на фестивалот „Златна лира" заедно со виолинистот А.Иванов. Годинава, Ивона одржува рецитал во рамки на фестивалот „Concerti del Tempietto" во Рим, Италија. Два пати (2015 и 2017 г.) настапила како солист со оркестарот на Македонската филхармонија. 2022г. ќе остане забележан настапот со оркестарот Санкт Петербург Камерата во Санкт Петербург, под диригентската палка на маестро И.Манашеров.

**ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА - ИВАНОВСКА** е една од најуспешните и најафирмирани македонски уметници - пијанисти, издвојувајќи се со нејзиниот префинет звук и елегантен израз, но и нејзината огромна продуктивност, евидентна по големиот број на настапи во Македонија и надвор од неа. Елена настапувала како солист и камерен музичар во Шпанија, Италија, Португалија, Русија, САД, Грција, Република Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Косово,

остварувајќи бројни концерти во рамките на домашните реномирани фестивали „Охридско лето", „Скопско Лето", „Есенски музички свечености", „ДММ", „Битолско лето", „Гевгелиска есен", но и фестивали надвор од земјава, како, „Сараевска Зима" – Босна и Херцеговина, „Festival de Musica do palacio da Bolsa" - Португалија, „Festival de Musica de Sant Pere de Rodes" – Шпанија, „Guarnerius, Centar lepih umetnosti Jovana Kolundzije", „Carniarmonie" итн. Како камерен музичар Атанасовска редовно настапува со домашни и странски уметници како: Марија Ѓошевска, (пијано), Гордана Јосифова – Неделковска (обоа), Горан Начевски (баритон), Ристо Ѓоревски (кларинет), трио Атанасовска/Вршкова/Пројковска, Сергеј Петров (кларинет- Русија), Јакоб Бокун (кларинет- Полска), Пјер Генисон (кларинет – Франција), Тери Роудс (сопран – САД) и други. Во текот на својата наобразба кај педагозите: проф. Л.Мрмевска и проф. Б.Романов се здобива со повеќе први награди на државните натпревари, како и многубројни награди на меѓународни натпревари во Италиија, Бугарија, Србија. Исто така бележи и настапи како солист со Македонската филхармонија и Камерниот оркестар на МММ. Со научниот труд „ Биофидбек методата како начин и средство за подобрување на музичките перформанси кај студентите по пијано во Република Македонија" се стекнува со звањето доктор на науки. Атанасовска исто така активно остварува аудио записи. Покрај компакт дисковите реализирани во соработка со пијанистката М. Ѓошевска и кларинетистот Р.Ѓоревски, таа непрекинато снима како соработник на оркестарот за филмска музика F.A.M.E.S, а од особено значење е издавањето на компакт диск за продукциската куќа DUX со музика од шведската кралска династија Бернадот. Елена Атанасовска – Ивановска е вонреден професор на катедрата по клавишни инструменти при ФМУ-Скопје.

**СОКОМ Ви искажува благодарност што покажавте интерес и ја проследивте првата сезона на фестивалот. Ве покануваме да ја проследите и втората сезона на ДММ 2022 која ќе се реализира во месец септември 2022.**

75 ГОДИНИ СОКОМ


СОЈУЗ НА КОМПОЗИТОРИ НА МАКЕДОНИЈА
Максим Горки 18, 1000 Скопје, Македонија
тел: + 389 2 3119-824
E-mail: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk

COMPOSERS ASSOCIATION OF MACEDONIA
Maksim Gorki 18, 1000 Skopje, Macedonia
tel: + 389 2 3119-824
E-mail: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk



Република Северна Македонија
**Министерство за култура**